Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Здружение на новинарите на Македонија

Република Македонија
ПОЛИЦИЈА
POLICE

# ПРИРАЧНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАНИ СО ВИСОК РИЗИК


**АВТОРИ:**

**Иван Брешковски,** адвокат

**Тони Ангеловски,** помошник министер за внатрешни работи

**Спасенка Андонова,** јавен обвинител

# ИМПРЕСУМ

**За издавачот:**
Мисијата на ОБСЕ во Скопје

**Автори:**
Иван Брешковски, Тони Ангеловски, Спасенка Андонова

**Координација:**
Министерство за внатрешни работи (МВР)
Здружение на новинари (ЗНМ)

**Лектура:**
Ана Севриева

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
170 примероци

**Публикацијата е бесплатна**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774-051:342.732(497.7)(035)
316.774-051:351.751(497.7)(035)

БРЕШКОВСКИ, Иван
Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик / автори Иван Брешковски, Тони Ангеловски, Спасенка Андонова. - Скопје : ОБСЕ, 2018. - 40 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4788-32-4
1. Ангеловски, Тони [автор] 2. Андонова, Спасенка [автор]
а) Новинари - Слобода на изразување - Македонија - Прирачници б) Новинари - Безбедност - Македонија - Прирачници
COBISS.MK-ID 108731146

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ.

# СОДРЖИНА:

**I – ДЕЛ – Автор: Иван Брешковски, адвокат..............................5**

Вовед и цел на Прирачникот..........................................................................6

Напади врз новинарите, фоторепортерите и медиумските работници
и политиката на неказнивост.........................................................................7

Регистар на случаи за повреда на правата на новинарите во рамките на ЗНМ
и практики на постапување за заштита на правата на новинарите......................9

Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата
на медиумите и за заштита на новинарите.....................................................11

Практики и препораки од меѓународни политички и граѓански
организации за безбедноста на новинарите:..................................................12

Советот на Европа и Препораката ЦМ/Рец(2016)4............................................13

Препораки од европски и меѓународни организации на новинари
и медиуми за безбедност на новинарите........................................................17

**II – ДЕЛ – Автор: Спасенка Андонова, јавен обвинител.............25**

Јавното обвинителство и медиумите.............................................................26

Соработка меѓу МВР, ЈО и медиумите............................................................28

Улогата на ЈО, на МВР и на новинарите за време на увид.................................30

**III – ДЕЛ – Автори: Иван Брешковски, адвокат
Тони Ангеловски, МВР.................................33**

Како да постапат новинарите, фоторепортерите и медиумските работници во случај на опасност.....................................................................34

Активни мерки и препораки за безбедност на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници при известување од настани со висок ризик............35

**IV – ДЕЛ – Дополнителни информации......................................39**

Дополнителни ресурси за безбедност на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници.............................................................................40

Кратенки...................................................................................................40

# I – ДЕЛ

АВТОР:
ИВАН БРЕШКОВСКИ, АДВОКАТ

## ВОВЕД И ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

Овој прирачник е дел од активностите што од почетокот на 2018 година заеднички ги започнаа и ги водат Здружението на новинарите (ЗНМ), Министерството за внатрешни работи (МВР) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје поради честите физички и вербални напади на кои беа изложени новинарите, фоторепортерите и медиумските работници при извршување на своите професионални задачи.

ЗНМ и МВР заеднички соработуваат во градењето на институционален механизам за превенција и за казнување на насилството врз новинарите преку регистрирање на овие случаи, но и преку подигнување на свеста пред надлежните институции и пред јавноста. Овој прирачник има цел да послужи во идентификување на ризиците и за избегнување на нападите и притисоците со кои се соочуваат новинарите, особено при известување од настани со висок ризик. Понатаму, Прирачникот служи да ги појасни процедурите и законските надлежности на Министерството за внатрешни работи (МВР), но и на Јавното обвинителство (ЈО) сè со цел да се обезбеди поголема заштита на новинарите.

Освен тоа, Прирачникот нуди практики и искуства на ЗНМ и на други меѓународни граѓански и политички организации од превенцијата на напади и притисоци кон новинарите.

Во изработката на овој прирачник претходеа шест работилници на тема Безбедноста на новинарите при известување од настани со висок ризик, слободата на изразувањето и подобрување на комуникацијата на новинарите и полицијата. Работилниците, кои се реализираа во втората половина од 2018 година во повеќе градови низ државата, беа организирани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со ЗНМ и МВР. На нив учествуваа новинари, фоторепортери, како и припадници од МВР, а се споделија искуствата и се лоцираа точките каде што е потребно унапредување на соработката.

Овие активности се надоврзуваат на меморандумот за соработка потпишан помеѓу ЗНМ и МВР од 29 декември 2017 година, чија цел е зголемување на безбедноста на новинарите во услови кога нападите врз нив во изминатите години беа зачестени, а инцидентите останувaa нерасчистени од страна на надлежните институции. За првпат по долги години се поставува основа за соработка помеѓу еснафско новинарско здружение и институција како МВР. Според Министерството за внатрешни работи, од јуни 2017 наваму регистрирани се 12 напади врз новинари и сите 12 се расчистени од страна на МВР. Расчистувањето на случаите и отвореноста за соработка на МВР е основен предуслов за справување со оваа појава.

Исто така, на 28 март 2018 година Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ЗНМ потпишаа меморандум за соработка, каде што е предвидено организирање обуки и настани кои имаат цел да се подобри безбедноста на новинарите и медиумските работници, но и да се подобри квалитетот на нивното известување.

Овој прирачник треба да им помогне на новинарите да ги извршуваат безбедно своите професионални задачи, преку навремено и точно информирање на граѓаните и да ја остварат својата главна цел, а тоа е заштита на јавниот интерес. Исто така, Прирачникот ќе даде осврт на правната регулатива која ја засега работата на новинарите кога известуваат од настани од висок ризик.

## НАПАДИ ВРЗ НОВИНАРИТЕ, ФОТОРЕПОРТЕРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ И ПОЛИТИКАТА НА НЕКАЗНИВОСТ

Земјава во изминатите десетина години бележеше постојан пад во сите кредибилни извештаи кои се занимаваат со степенот на слобода на изразување и слободата на медиумите. На пример, според Индексот за слобода на печатот[1] од Репортери без граници, државата во 2007 година се наоѓаше на високото 36 место во светот, а во 2014 година падна на 123 место од вкупно 180 земји. Извештаите од другите кредибилни организации, исто така, во последните години беа доста критични за слободата на изразување.

Извештајот на „Фридом хаус" за 2018 година ги цитира и наодите на ЗНМ, каде што се вели дека: *„21 новинар биле нападнати од почетокот на 2016 година заклучно со мај 2017 година. Во одредени случаи новинарите биле напаѓани кога извршувале работни задачи, како што е случајот во март 2017 година, кога маскирани лица нападнале двајца новинари кои известувале од собир на ВМРО-ДПМНЕ."* Дополнително, во делот „Д4" каде што се поставува прашањето *„Дали индивидуите се слободни да ги изразуваат своите лични ставови за политички или други осетливи теми без страв од надзор или одмазда"* се вели дека индексот на бодување е подобрен од причина што новата влада презела одредени чекори за реформи на безбедносните служби и поради тоа стравот за зборување јавно е намален.[2]

1 Индекс на слобода на печатот од Репортери без граници https://rsf.org/en/ranking пристапено на 10.08.2018 година

2 Извештај на Фридом хаус за 2018 година https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2018/macedonia пристапено на 10.08.2018 година

Проблемот со нападите на новинари е нотиран и во Извештајот за човекови права[3] од 2017 година издаден од страна на Државниот секретаријат на Соединетите Американски Држави (Стејт департмент). Во овој извештај опишани се неколку случаи на закани и заплашување на новинари, а освен тоа е наведено дали е постапено и како е постапено од страна на надлежните органи. Овој извештај истакнува дека, според медиумските организации, властите постапиле несоодветно и ниту еден од насилниците не бил соодветно казнет за нападите кон новинарите. Понатаму, во Извештајот се додава дека претходната власт вршела притисок кон новинарите, што довело до автоцензура, а истовремено новинарите пријавувале мешање во нивната работа од страна на претставници на властите, особено при известување за чувствителни теми. Извештајот нотира и дека приватните медиуми се жалеле дека примале нарачки и наредби од високи функционери на кој начин да известуваат и што да известуваат околу теми поврзани со политички прашања.

Во Извештајот за напредокот на државата за 2018 година објавен од Европската комисија[4] во делот на слободата на изразување со наслов „Заплашување на новинарите“ се вели: „Со подобрената политичка клима има намалување на притисокот врз новинарите. Во декември 2017 година Владата склучи договор со Здружението на новинари за спроведување на последователни истраги за нападите врз новинарите. Сепак, пријавувањето на нападите врз новинарите останува несоодветно и многу малку истраги се започнати. Од суштинско значење е органите да покажат нулта толеранција кон сите инциденти на физичка и вербална злоупотреба или закани против новинарите и дека истите ефикасно се следат од страна на полицијата и Јавното обвинителство. Имаше 21 нов пријавен случај на заплашување на новинари и 13 судски постапки во кои беа вклучени новинари. Неколку новинари беа меѓу повредените за време на насилните инциденти во Собранието на 27 април“, стои во Извештајот.

За нападите на новинарите во последните неколку години имаше реакции и од страна на други меѓународни организации, како што се: Високиот претставник на ОБСЕ за слобода на медиуми, Специјалниот известувач за промоција и заштита на правото на слобода на мисла и изразување при Обединетите нации (ОН), Меѓународната и Европската фе-

---

3 Извештај за човекови права издаден од Стејт департментот на САД https://www.state.gov/documents/organization/277435.pdf пристапено на 11.08.2018 година

4 Извештај за напредокот на земјата за 2018 година, Европска комисија https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/-20180417the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf пристапено на 10.08.2018 година

дерација на новинари (МФЈ и ЕФЈ), Организацијата за медиуми на Југоисточна Европа и други. Сите овие извештаи и апели, кои доаѓаа од страна на кредибилни организации за нападите на новинарите, укажуваа на алармантноста за нискиот степен на безбедност.

Потребата од загарантирана безбедна работна средина на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, како и престанувањето на политиката на неказнивост во случаи кога се прекршуваат нивните права се основните два предуслови за слободни медиуми и новинари. Поради прекршувањето на овие два принципа, како и поради други услови кои се поврзани со загрозениот социјален статус на новинарите, влијанието на центрите на моќ кон сопствениците на медиумите, вклучувајќи го и јавниот сервис, во минатото придонесоа државата да биде една од најнискорангираните земји на светските индекси за слобода на говор и независност на медиуми.

## РЕГИСТАР НА СЛУЧАИ ЗА ПОВРЕДА НА ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ЗНМ И ПРАКТИКИ НА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ

ЗНМ во рамките на својата работа води регистар на случаи за повреда на правата на новинарите и начинот на кој постапувале институциите. Овој регистар е јавно достапен и објавен на веб-страницата на ЗНМ[5] и неколку пати годишно се ажурира.

Овој регистар служи да се забележат сите напади на новинари што се пријавени во Здружението, или пак за кои имало објави во медиумите, а освен тоа служи и да покаже преку годишните извештаи на ЗНМ како постапувале надлежните институции во делот на истрагата и прогонот, како и за текот на судските постапки. Регистарот, во кратката објавена верзија, содржи датум на кој се случил инцидентот, вид на инцидентот, место на случување, краток опис на инцидентот, име и презиме на новинарот, фоторепортерот или медиумскиот работник и медиумот во кој се ангажирани, име на сторителот (доколку е познато), потоа дали инцидентот е пријавен во МВР и коментар кој укажува на детали од инцидентот или на неговиот статус.

---

5 Регистар на напади на ЗНМ www.znm.org.mk/wp-content/uploads/06/2018/Случаи-на-повреда-на-правата-на-новинарите-јуни2018-.docx пристапено од 11.08.2018 година

Независно од сериозноста на инцидентот, ЗНМ има практика да постапува и да дава помош за сите случаи кои се пријавени во извршната канцеларија. Од разговори со вработените во канцеларијата на ЗНМ, оваа практика најпрво подразбира проверка на фактите околу инцидентот, а тоа е најчесто разговор или размена на писмена комуникација со новинарот кој бил предмет на напад, како и со други сведоци, доколку ги има. Освен тоа, доколку нападот се случил во друг град, се стапува во контакт и со регионалните координатори на ЗНМ со цел да се добие дополнителен контекст. Во зависност од спецификата на случајот, може да се стапи во контакт и со претставник на МВР, најчесто портпарол или командир на станица, како и со претставник на ЈО и со претставник на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во случаи кога има очигледна повреда на правата на новинарите и кога тие се поткрепени со снимки што се објавени на медиуми, јавната реакција од страна на ЗНМ вообичаено е брза и во форма на соопштение за јавноста, со осуда и со барање за одговорност, а имало и примери кога се организираат и конференции за печат, но и јавни протести. Честопати се алармираат и меѓународните организации за заштита на правата на новинарите, кои исто така може да имаат јавни реакции и/или комуникација со надлежните власти од кои се бара брза истрага.

ЗНМ, освен јавните реакции и следењето на случаите кои се во постапка пред институциите, често нуди и бесплатна правна помош кога станува збор за повреда на нивните права. Освен тоа, во случаи кои се водат по службена должност од страна на Основното јавно обвинителство, ЗНМ повеќе пати има поднесувано барање за поведување на кривични постапки во име на оштетените новинари. Исто така, во случаи кога постоел сомнеж дека истрагата од МВР не е во согласност со законот, или пак кога постојат докази дека правата на новинарите биле повредени од страна на припадници на МВР, ЗНМ се обраќа со претставка до Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој е контролен механизам на Министерството врз работата на полицијата. За оние случаи кои се во судска постапка, без разлика дали се водат пред граѓанскиот или кривичниот суд, ЗНМ неколку пати годишно доставува барања во согласност со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер со цел да има увид во која фаза се предметите. Во случај кога има правосилна пресуда и потоа биле исцрпени сите редовни и вонредни правни лекови пред судските органи, а се исполнети условите за поведување постапки пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Стразбур, ЗНМ има помогнато да се поднесуваат апликации за прекршување одредбите од Европската конвенција за човекови права пред ЕСЧП. Во оваа насока, шест новинари кои беа помогнати да ја бараат правдата

за инцидентите од 24 декември 2012 година, во март 2017 година ја добија пресудата „Селмани и други против државата“, која претставува прва пресуда во која се констатира повреда на членот 10 од Конвенцијата, односно прекршување на правото на слобода на изразување, како и на членот 6, кој се однесува на фер судење.

## РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ И ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИТЕ

Оваа платформа претставува заеднички систем на заштита на новинарите кога нивната безбедност е загрозена врз основа на утврдени протоколи на шест национални здруженија на новинари, и тоа од земјава, од Белград, од Приштина, од Подгорица и од Сараево. Оваа платформа која застапува над 8.000 новинари од Западен Балкан е во рамките на тригодишниот проект започнат во 2016 година, а финансиран од страна на Европската Унија и ги промовира стандардите на ЕУ за слободата на медиумите и медиумскиот плурализам.

Специфична цел на овој проект е создавањето на онлајн платформа „Систем за рано предупредување и превенција“ како механизам за заедничко дејствување за имплементација на стандардите на ЕУ во областа на медиумите и превенција на злоупотреба, преку градење на капацитети, вмрежување и размена на знаења помеѓу шесте регионални здруженија на новинарите.

Во моментов, ако се земат сите напади на новинари во Западен Балкан во последните 4 години, според оваа платформа[6] се 468, а тоа што е заедничко во сите земји е нискиот степен на расветлување на овие инциденти од страна на властите, а особено кога напаѓачите се припадници на министерствата за внатрешни работи, или пак се претставници на извршната власт или на политички партии.

Системот за рано предупредување и превенција е добар пример во регионот, кога станува збор за заедничка соработка на еснафски здруженија во насока на намалување на напади кон новинари, но и намалување на политиката на неказнивост во земјите членки. Овој механизам го користат шесте здруженија, меѓу кои и ЗНМ како партнер на проек-

6 Веб-страница на Регионалната платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и за заштита на новинарите http://safejournalists.net/ пристапено на 05.08.2018 година

тот од земјава, каде што преку конкретен протокол здруженијата заеднички дејствуваат во спречување на физичките напади и други притисоци кон новинарите, а во случај на инцидент тие заедно реагираат, јавно и институционално, со активности насочени кон властите во земјата во која се има случено нападот. Протоколот ги содржи препораките за заштита на новинарите на Советот на Европа и УНЕСКО, а нападите кон новинарите ги дели на неколку категории, и тоа: физички напад, закана по живот на новинар или на близок член на семејство, закана од затворање на медиум од страна на јавна институција и јавни закани за насилство кон новинар или група новинари. Освен тоа, има и две посериозни категории на повреда на правата на новинарите, а тие се притвор или незаконско лишување од слобода, а последна категорија е убиство.

Оваа платформа им помага на новинарите во повеќе аспекти, и тоа со актуализирање на проблемот во јавност и со инсистирање на итно решавање од страна на надлежни органи, но и со давање бесплатна правна помош во случаи кога се тужени.

За сите активности, како и за секој поединечен случај, се води посебно досие на онлајн платформата http://safejournalists.net/. Важно е да се истакне дека секој новинар, фоторепортер или медиумски работник има можност сам да пријави напад или притисок, преку онлајн образец на платформата и потоа оваа пријава се разгледува во согласност со протоколот.

Освен тоа, на оваа платформа еднаш годишно се објавуваат и годишни извештаи од страна на секое здружение на новинари, со индикатори за слободата на изразување и независност на медиумите. Овие извештаи опфаќаат три дела битни за секторот, и тоа: првиот е законодавното опкружување и судската пракса, потоа трендови на насилство кон новинари и третиот дел ги опфаќа работничките и социјалните права на новинарите.

## ПРАКТИКИ И ПРЕПОРАКИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ:

Во рамките на Советот на Европа, од декември 2014 година, функционира Платформата[7] за промоција на заштита на новинарството и безбедност на новинарите. Оваа платформа претставува јавен простор на кој се регистрираат, се процесираат и се објавуваат

[7] Платформа за промоција на заштита на новинарството и безбедност на новинарите https://www.coe.int/en/web/media-freedom/the-platform пристапено на 12 август 2018 година

инциденти и ризици поврзани со медиумската слобода и безбедноста на новинарите во земјите членки на Советот на Европа, кои се загарантирани со членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Целта на оваа платформа е да ги заштити новинарите и да ги адресира проблемите до релевантните институции во рамките на земјите членки.

На оваа платформа се објавуваат и предупредувања кога има притисок од страна на институции кон медиуми како правни лица, но и кога има нова регулатива во земјите членки, а се однесува на медиумскиот сектор и кога за неа постојат сомнежи дека може да биде рестриктивна и да го ограничи правото на слобода на изразување и да создаде автоцензура.

Освен предупредувањата, на оваа платформа се објавуваат и одговорите од страна на надлежните институции од земјите членки.

## СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И ПРЕПОРАКАТА ЦМ/РЕЦ(2016)4

Во април 2016 година Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои Препораката ЦМ/Рец(2016)4[8] за заштита на новинарството, безбедноста на новинарите и медиумските работници, осудувајќи го алармантното и неприфатливото ниво на закани насочени кон новинари и медиумски работници во Европа и обезбедувајќи посебни насоки за земјите членки на Советот на Европа како да реагираат во областа на превенција, заштита, гонење, промоција на правото на слободно информирање и едукација и подигнување на свеста на граѓаните за овие прашања.

Убиствата на новинарите во државите на Советот на Европа, но и зголемениот број на физички напади и закани доведоа до итна потреба од усвојување на гореспоменатата препорака со цел да ги задолжи земјите членки за преземање мерки кои ќе гарантираат безбедност на новинарите.

Препораката ЦМ/Рец(2016)4 е обврзувачки документ за државата, што значи дека нејзината содржина мора да биде имплементирана од извршната, од законодавната и од судската власт во државата, односно сите упатства во неа да се имплементираат во постапувањето на сите државни институции кога се работи за безбедноста на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници. Овие упатства, исто така, се дизајнирани да ги задоволат многубројните предизвици за обезбедување на ефикасна заштита на но-

8 Веб-страница на Советот на Европа, Препорака ЦМ/Рец(4(2016 https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016806415d#9_ftn1 пристапено на 09.08.2018 година

винарството и безбедност на новинарите и на другите медиумски работници, што бара кохерентни, комплементарни стратегии од страна на земјите членки.

### Суштински насоки од Препораката ЦМ/Рец(2016)4 во делот на ПРЕВЕНЦИЈАТА

- Земјите членки да обезбедат услови за независни медиуми, да го заштитат плурализмот и да обезбедат одржлив јавен сервис.
- Да обезбедат правна рамка за заштита на новинарските извори и на свиркачите.
- Заштита на новинарките од полово насилство, од дискриминација и промоција на родова рамноправност.
- Константна ревизија на овие мерки од владини и од невладини тела, особено од новинарски здруженија и синдикати.
- Силна контрола врз државните агенции за следење на комуникациите, процедурални гаранции против злоупотреба со контролни механизми.

### Суштински насоки од Препораката во делот на ЗАШТИТАТА

- Ефективни механизми за заштита, поддржани од органите на прогонот, кои ќе овозможат заштита на новинарите.
- Полициска заштита, особено кога тоа го бараат новинари или други медиумски работници, или доброволна евакуација на безбедно место.
- Земјите членки треба да поттикнат воспоставување на механизмите и нивна поддршка за рано предупредување и брза реакција, како што се: телефонски линии, онлајн платформи или 24-часовни контактни точки за итни случаи, од страна на медиумските организации или граѓанското општество за да се осигури дека новинарите и другите медиумски работници имаат непосреден пристап до заштитни мерки во случај кога се загрозени.
- Во случаи на лишување од слобода на новинари или други медиумски работници од страна на полицијата или други службеници за спроведување на законот, мора да се почитуваат соодветни процедурални гаранции со цел да се спречи незаконско притворање или малтретирање.
- Од земјите членки се бара да развиваат протоколи и програми за обука за сите државни органи кои се одговорни за исполнување на државните обврски (су-

дии, обвинители, полицајци, воен персонал итн.) во врска со заштитата на новинарите и другите медиумски работници.

» Земјите членки мора да обезбедат поволен амбиент за соодветно спроведување на законите и санкциите, и не смеат да бидат дискриминаторски или арбитрарни против новинарите и другите медиумски работници (заплашување на новинари преку високи казни);

» Земјите членки треба да ја земат предвид специфичната природа и демократската вредност која со себе ја носат новинарите и другите медиумски работници во одредени контексти, како што се: кризите, во текот на изборните периоди, на јавни демонстрации, како и во конфликтни зони.

» Новинарите е потребно да поседуваат новинарски акредитиви и релевантни акредитации и новинарски обележја, а кога не е можно новинарите или другите медиумски работници да произведат професионална документација, треба да се направат сите можни напори од страна на државните органи за да го утврдат нивниот статус.

» Државните службеници и јавните личности не треба да го поткопуваат или да го напаѓаат интегритетот на новинарите врз основа на етничка припадност, пол, да ги обвинуваат, да ги оцрнуваат и слично.

## Суштински насоки од Препораката во делот на ГОНЕЊЕТО

» Императив е секој што е вклучен во убиства, напади и малтретирање на новинари и други медиумски работници да биде изведен пред лицето на правдата;

» Кога не се изведени пред лицето на правдата оние што се одговорни за такви кривични дела, може да се појави култура на неказнивост.

» Истрагите за убиства, напади и малтретирање мора да бидат ефикасни и притоа да ги почитуваат основните барања за адекватноста, темелноста, непристрасноста, независноста, ажурноста и јавното надгледување.

» Истрагите мора да бидат ефективни, во смисла дека тие се способни да водат до утврдување на фактите, како и идентификација и на крај казнување на одговорните.

» Особено да се истражи врската дали насилството е поврзано со новинарска активност, истражувачко новинарство.

» За да може истрагата да биде ефективна, лицата одговорни за истрагата и оние што ја извршуваат истрагата мора да бидат независни и непристрасни, во закон и во практика. Секое лице или институција вмешано на каков било начин со одреден случај мора да биде исклучено од каква било улога во истражувањето.

» Земјите членки имаат обврска да ги преземат сите неопходни чекори за да ги изведат сторителите на кривичните дела против новинарите и другите медиумски работници пред лицето на правдата, без разлика дали се работи за државни функционери или не.

» Земјите членки се должни да обезбедат интегритет на судските постапки. Тие мора да ја гарантираат независноста и непристрасноста на судството. Обука на правосудството за релевантна легислатива од ЕСЧП.

» Земјите членки мора да обезбедат на жртвите и нивните семејства да им се достапни ефикасни и соодветни правни лекови, финансиски надоместоци, преместување и засолниште итн.

» Кога обвиненијата за злосторства против новинари и други медиумски работници не се иницираат или се оневозможуваат на различни начини, се создаваат неприфатливи одложувања во спроведувањето на правдата и предизвикуваат неказнување на лицата одговорни за злосторствата.

» Кога е државен функционер обвинет за злосторства поврзани со малтретирање, од суштинско значење е кривичната постапка и казната да не се застарени.

» Борба против неказнивоста.

### Суштински насоки од Препораката во делот на едукацијата и подигнувањето на свеста

» Земјите членки (се мисли на институциите во „алката на заштита“) мора да создадат еден ПАРТНЕРСКИ однос со новинарите, медиумите, невладиниот сектор, новинарските здруженија и синдикати за промоција на позитивни практики и борба против неказнивоста.

# ПРЕПОРАКИ ОД ЕВРОПСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА НОВИНАРИ И МЕДИУМИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ

## а) Меѓународна федерација на новинари (МФН)

Оваа организација претставува најголемата членска организација на новинари и медиумски работници на светско ниво, која застапува над 600.000 членови во 140 земји. МФН става посебен фокус на безбедноста на новинарите и затоа има и создадено посебен фонд кој е наменет за финансиска поддршка за новинари кои имаат безбедносни ризици. Освен ова, има посебен блог кој се занимава со најнови информации на тема безбедност на новинари, според кој во 2018 година, заклучно со август, има 68 убиени новинари на светско ниво. МФН има бројни публикации на тема подобрување на безбедноста на новинарите. Една од најважните е „Водич за преживување на новинарите[9]“. Водичот е издаден во 2003 година, но сè уште е актуелен, особено кога се известува за специфични настани, како што се: природни катастрофи, терористички напади, ситуации на заложници, и е достапен бесплатно на веб-страницата на организацијата.

## б) Репортери без граници (РБГ)

Според Репортери без граници[10], една од најпознатите независни невладини организации базирана во Париз, Франција, чија основна мисија е одбрана и промоција на слободата на изразувањето и информирањето, само во првите 6 месеци од 2018 година, 47 професионални новинари, граѓански новинари и медиумски работници биле убиени во светот.[11]

Репортери без граници им помага на новинарите и медиумските работници кои работат и кои известуваат од високоризични настани, како што се: протести, конфликтни зони и слично, но исто така дава насоки како да се заштитат новинарите и во онлајн светот. За своите членови нуди меѓународно здравствено осигурување, дава бесплатни панцири и шлемови за новинари кои би биле изложени на висок ризик, дава практики и препораки

9 Водич за преживување на новинарите од МФН http://ifj-safety.org/assets/docs/107/130/d325b-82b1d816b.pdf пристапено на 16 август 2018 година

10 Репортери без граници https://rsf.org/en/presentation пристапено на 12.08.2018 година

11 “47 journalists, media workers killed in first half of 2018, RSF says“ https://rsf.org/en/news/-47journalists-media-workers-killed-first-half-2018-rsf-says пристапено на 12.08.2018 година

преку издавање публикации за безбедност на новинарите и нуди едукација за новинарите како да се заштитат во онлајн сферата.[12]

Во локален контекст би издвоиле неколку препораки од Прирачникот[13] за новинари за време на избори издаден заеднички од Репортери без граници и Меѓународната организација за франкофонијата во 2010 година, а дополнет во 2015 година. Новинарите мора да имаат безбедна работна средина, особено заштитени од закани. „Секој новинар мора да пријавува небезбедни услови што е можно побргу и тоа на новинарски организации, регулаторни тела, организации за човекови права и државни органи, каде што детално ќе ги опише сите закани и напади врз кои е изложен самиот тој или негови колеги.“

## Претпазливост, неутралност и баланс:

- Новинарот да биде внимателен кога се работи за информациите што ги пласира и за нивниот извор, тргнувајќи од високиот ризик на манипулација, дезинформацијата е важно оружје на војната;
- Пристапот да биде стриктно неутрален; Ова му овозможува на новинарот да ја извршува својата работа колку што е можно побезбедно.
- Новинарот да внимава на балансирано известување. На пример, новинар кој известува од регион каде што опозицијата повикува на бојкот на изборите може да ја базира својата работа на 4 типа на извори: личност која гласала од убедување, личност која не гласала поради страв од реперкусии од страна на властите, личност која не гласала за да ја поддржи каузата на опозицијата, личност која останала дома поради страв од насилство на избирачките места.

## Безбедносни правила за новинарите:

- Секогаш новинарите со себе да ги носат потребните документи за идентификација: лична карта, прес-картичка, новинарска акредитација, овластување за патување или друг сличен документ.

12 Репортери без граници https://rsf.org/en/guidelines-and-advice пристапено на 13.08.2018 година

13 “Handbook for journalists during elections” https://issuu.com/rsf_webmaster/docs/guide_oif_anglais___web пристапено на 13.08.2018 година

- Никогаш новинарот да не носи оружје или други знаци или облека кои можат да доведат до погрешно идентификување, воена униформа и слично.
- Никогаш да не се патува самостојно, туку исклучиво со колеги или со активисти од НВО. Движењето со поворката на кандидати или политички лидери не е препорачливо.
- Правците на движење да се планираат претпазливо за да се избегнат конфликтните зони. Регуларно да се испраќаат информации за локацијата до редакцијата, или пак до пријател или до член на семејството.
- Да се избегнува патување навечер и да се внимава на полицискиот час доколку постои.
- Кога се известува од политички митинг или од поголем собир, да се провери теренот и да се идентификува локацијата каде што ќе се засолнат во случај на насилство.
- Доколку се случат инциденти, не треба да се трча бидејќи тоа го зголемува ризикот да се стане мета. Не префрлајте се директно од една во друга спротивставена толпа/страна.

## Известување од избори при насилни ситуации:

Медиумите можат да одиграат многу важна улога во консолидирање на мирот и демократијата. Алтернативно, можат да предизвикаат и конфликт поради ширење гласови, пропаганда, недоверба или омраза помеѓу граѓаните и заедниците.

Друга опасност е тоа што медиумите со низок степен на професионалност можат да пристапат кон несоодветна/напумпана терминологија без да го имаат предвид ефектот што може да го предизвика таа. Изборна кампања е совршен терен за недолично изразување, што произлегува од политичките дебати, а кое може да се претвори во насилен говор.

Ризикот е уште поголем кога се организираат избори во земја која била во конфликт, или пак во која постои тензија во политичката клима и која е во постојан латентен конфликт. Изборниот процес може да ги зголеми поделбите и разликите, или пак причините што довеле до конфликт се манифестираат во политички конфликт.

## Резиме на правилата за новинари кои известуваат од изборни процеси:

Поради големиот број предизвици што произлегуваат од еден изборен процес, потребно е новинарите да се придржуваат до основните етички принципи на својата професија. Информациите што ги пласираат мора да бидат прецизни, верификувани, балансирани, неутрални и да го почитуваат човековото достоинство. Новинарите секогаш треба да имаат на ум дека ги штитат интересите на обичните граѓани.

» Новинарите да бидат свесни за нивното право и должност да зборуваат со сите партии и кандидати, вклучувајќи ги и тие кои се непријателски настроени спрема властите. Сите теми важни за гласачите и за нивната иднина се соодветни теми за известување. Постојат малку легитимни основи за рестрикција на слободата на изразување и во никој случај не смеат да забранат презентирање на различни идеи или мислења.

» Новинарите се должни да презентираат прецизни и проверени информации за се осигурат дека нивната работа е веродостојна. Вестите треба да се презентираат во духот на скромноста, фактичка строгост и скептично истражување, а не со изнудени заклучоци.

» Новинарите треба да ги презентираат ставовите на сите политички опоненти при известување од програми и дебати, без да го наметнуваат своето лично мислење. Репортажите во никој случај не смеат да се обидат да ги насочат гласачите за кого да се определат.

» Уредништвото мора да е независно и отпорно на сите политички, социјални и финансиски притисоци дизајнирани да влијаат на известувањето. Новинарите треба да се водат од препораките на уредниците и од индивидуалната смисла за етичките принципи.

» Новинарите да бидат свесни за ефектите, позитивни и негативни, што ги создава пласирањето на една информација. Во таа смисла, вестите мора да бидат неутрални и без сензационалистички говор. Темите со кои потенцијално би се зголемиле тензиите треба да се разработуваат со огромна внимателност.

### в) Комитет за заштита на новинарите (КЗН)

Комитетот за заштита на новинарите е независна, непрофитна организација, која промовира слобода на медиумите на светско ниво. Комитетот го брани правото на новинарите да известуваат без страв од одмазда. Комитетот е сочинет од 40 експерти од целиот свет, а неговото седиште е во Њујорк. Во случај да се појават прекршувања на слободата на печатот, КЗН мобилизира мрежа од кореспонденти кои известуваат и преземаат мерки за загрозените страни. КЗН известува за прекршувања во репресивни режими, конфликтни зони или етаблирани демократии. Одбор од еминентни новинари од целиот свет помагаат да се насочуваат активностите на КЗН.[14]

Комитетот за заштита на новинарите има публикувано Прирачник[15] за безбедност на новинарите, од авторот Френк Смит, висок советник за безбедност на новинари при Комитетот. Овој прирачник сублимира што мора да имаат предвид новинарите во еден нов и променет свет, свет кој сè повеќе е опасно место за работа на новинарите. Во просек, повеќе од 30 новинари се убиени секоја година во светот, а убијците остануваат неказнети во 9 од 10 случаи. Стотици новинари секоја година се нападнати, или се под закана, или се малтретирани. Многу од нив се физички следени, а телефоните и интернет-комуникацијата им се пресретнува. Повеќе од 150 се зад решетки во кое било време, некои без да бидат осудени за кривично дело. Локацијата на барем 35 новинари е непозната. Преку својата професија новинарите се изложени на емоционален стрес секогаш кога известуваат од настани во кои се присутни болка или губење на живот, сексуална злоупотреба на деца или пак терористички напади врз цивили.

Прирачникот е наменет за локални и меѓународни новинари со различно ниво на професионално искуство. Исто така, ги дава основните подготовки потребни за новинари кои за прв пат известуваат низ светот, потоа нуди информации за новинари кои се враќаат на терен и нуди совети за комплексни прашања, како што се дигиталната безбедност и процената на ризик за новинари со различно ниво на искуство.

---

14 Комитет за заштита на новинарите https://cpj.org/about/ пристапено на 13.08.2018 година

15 Прирачник за безбедност на новинарите https://cpj.org/reports/04/2012/journalist-security-guide.php пристапено на 13.08.2018 година

### Несреќи, пожар и спасувачки сценарија:

Најважна одговорност на секој кој прв ќе се најде на ваков настан, независно дали тоа била полицијата, луѓето од амбулантните возила, пожарникарите или новинарите, е да се заштити себеси, со тоа што ќе ја испита средината и ќе идентификува одредени потенцијални ризици, како сообраќај, паднати далноводи (струја), протекување на запаливи материи, гасови или хемикалии. Како и во други ситуации, новинарите треба да бидат доволно близу за да имаат преглед на настанот, но без да се изложуваат себе си или другите на ризик, или пак да попречуваат безбедносни или спасувачки операции. Фоторепортерите треба да ги почитуваат истите правила, а сепак да бидат доволно блиску за да направат фотографии од настанот. Органите обично воспоставуваат периметар за да ги држат љубопитните, па и новинарите на дистанца. Препораката е органите да им обезбедат на новинарите место преку кое ќе имаат јасна слика за настанот. За да се постигне оваа цел, треба да постои постојана комуникација помеѓу одговорните лица и новинарите, преку која ќе се воспостават заеднички насоки за известување од вакви настани. Истакнувањето на прес-картичките на видливо место од страна на новинарите при известување од ургентни настани е исклучително важно.

### Криминални и терористички настани:

При известување од настани каде што имаме насилен криминал или терористички напад, повторно личната безбедност е на прво место. Важно е новинарите да се запрашаат дали сторителите можеби се сè уште во близина на настанот, дали во случај на терористички напад би можело да има повторување на нападот, затоа препорака е да се остане на периферија од местото и да се земаат изјави од сведоци што ја напуштаат сцената на настанот. Повторно на видно место да бидат истакнати новинарските картички за идентификација, да се одржува професионален однос со органите, да се избегнува контакт со предмети кои би можеле да бидат потенцијален доказ. Важно е да не се трауматизираат дополнително преживеани лица или сведоци. Новинарите секогаш треба да се запрашаат дали е добро време за поставување прашања.

## Протести и безредија:

Новинарите што покриваат и што известуваат од протести и безредија можат да се соочат со правни и со физички ризици. Според КЗН, околу 100 новинари загинале додека известувале од протести и други вакви настани од 1992 до 2011 година. Физичката подготвеност е многу важна за новинар кој одлучува да известува од вакви настани кои во секој момент можат да станат насилни. Секогаш треба да се има предвид локацијата на која се наоѓа новинарот, односно место погодно за известување и кое ќе обезбеди безбедност и брз начин на повлекување во случај на опасност. Како задолжителна опрема се: шлем и заштитен елек, ранец со шише вода, маска за лице во случај на употреба на солзавец, заштитни очила и слично. Препорачливо е само искусни новинари, фоторепортери и камермани да известуваат од вакви настани, или пак да ги придружуваат помладите колеги.

# II – ДЕЛ

АВТОР:
СПАСЕНКА АНДОНОВА,
ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

## ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО И МЕДИУМИТЕ

Јавноста и транспарентноста во работата на сите институции, вклучително и на Јавното обвинителство, се главни столбови на кои треба да се гради довербата на јавноста.

Јавното обвинителство е должно да ја информира јавноста за случаите по кои постапува, особено доколку предизвикуваат поширок интерес во јавноста, но во исто време е орган кој се грижи за заштита на правата на лицата инволвирани во кривичните постапки, што значи дека начинот на кој ќе се сподели со јавноста некоја информација за некој кривичноправен настан мора да биде соодветно одбран и оформен така што нема да се наруши принципот на пресумпција на невиност.

Ваквата обврска за Јавното обвинителство постои и во случај кога тоа право ќе биде повредено и од страна на друг орган, институција или организација, вклучително и медиум.

Начелото на јавност во судските постапки и слободата на изразување се принципи кои како меѓународен стандард се во целост инкорпорирани во националната легислатива. Јавноста, јавниот карактер на постапката е суштинска карактеристика на праведно судство. Доставувањето на информации со цел да се обезбеди медиумско известување мора да биде во согласност со правата на сите лица кои се инволвирани во една постапка, така што начинот на кој ќе бидат пренесени, презентирани и обликувани овие информации е од особена важност.

Сепак, користењето на правата и слободите можат да се ограничат со закон, а со единствена цел – да се осигури должното признавање и почитување на правата и слободите на другите и да се задоволат правичните барања за морал, јавен ред и општа благосостојба во едно демократско општество.

Само точна, прецизна информација, заснована на релевантни факти, со наведување на точен, законски опис на фазата на постапување, својствата и положбата на инволвираните лица, со користење на правилна правна терминологија, значи правилно информирање, без субјективно видување и размислување на оној што ја проследува таа информација.

Непознавањето на законските одредби, на законската рамка, на процедурите што произлегуваат, непознавањето на надлежностите на вклучените институции, на видот на

дејствијата што ги презема секоја од нив води кон пласирање на погрешни, непоткрепени, непроверени информации.

Преку површно, нецелосно и неточно информирање многу лесно може да се создаде негативна перцепција, негативна слика за работењето на Јавното обвинителство, односно да се да наруши угледот на институцијата и довербата во неа.

Правилното пренесување на информациите, со користење кратки, јасни и прецизни формулации и термини, ефективно го информираат и обичниот граѓанин, кој не мора да доаѓа секојдневно во контакт со терминологијата и спецификите на судските постапки.

Јавното обвинителство сега има многу значајна улога во кривичната постапка, а со тоа и поголема одговорност за секој преземен чекор во постапката, вклучително и во однос на информирањето на јавноста.

Поранешната затвореност на Јавното обвинителство како институција, несоработката со медиумите и несподелувањето на информации со јавноста придонесоа да се создаде слика во која јавноста знаеше само за дејствувањето на МВР, преку прес-конференции или објавени билтени, знаеше за работата на судот преку присуство на судските рочишта и донесените судски одлуки, а Јавното обвинителство едноставно беше прескокнувано како непостоечка алка во тој синџир, затоа што никој не информираше што работи Јавното обвинителство.

Тој вакуум простор оставаше можности за многу шпекулации во однос на работата на Јавното обвинителство, односно искривена слика за тоа што работи Јавното обвинителство, па и често мешање во однос на тоа што е ингеренција на ЈО, а што на другите институции.

Последните неколку години многу се работи на отворање на Јавното обвинителство како институција во однос на медиумите и јавноста. Во моментот соработката е подигната на повисоко ниво од она со кое се стартуваше, но останува уште да се работи на постигнување на поголема транспарентност и отчетност во работата.

Преку новоформираната Служба за односи со јавноста олеснет е пристапот до информации за институциите, медиумите и јавноста. Овозможена е редовна соработка и комуникација која ја имаат јавните обвинители не само со Службата за односи со јавноста, заради благовремено споделување на информации за позначајни предмети, туку и со странките во судот, со вработени во МВР, со Финансиската полиција, со Царината и со други институции.

Во насока на обезбедување транспарентност и јакнење на довербата на јавноста за работата на Јавното обвинителство, во изминатиов период се донесени правни акти со кои се пропиша начинот на остварување комуникација со јавноста (Упатство за односи со јавноста од 2014 година и Стратегија за односи со јавноста на Јавното обвинителство за 2016-2018 година заедно со Акциски план за нејзино спроведување).

Со цел да се подобри транспарентноста на јавното обвинителство, во тек е реализација на повеќе активности кои се однесуваат на нова правна рамка и организациска поставеност на односите со јавноста.

## СОРАБОТКА МЕЃУ МВР, ЈО И МЕДИУМИТЕ

Добрата комуникација значи и добра соработка со другите служби за односи со јавност во институциите, а секако и со медиумите. Таа соработка значи координирано дејствување преку синхронизација на службите за информирање на јавноста, како во однос на тајмингот така и во однос на содржината, постојано внимавајќи на заштитата на правото на пресумпција на невиност, точното информирање за преземените дејствија и за лицата вклучени во нивната реализација. Со синхронизацијата се избегнува и состојбата на привиден натпревар меѓу институциите и присвојување на заслуги за постигнатото.

Во спротивно, се нарушува балансот на правилно информирање, особено под притисокот на јавноста и медиумите во поглед на брзо обезбедување на информацијата. Тоа особено важи во ситуации на несреќи, елементарни непогоди, семејни трагедии, настани во кои се вклучени поголем број лица, спортски натпревари и слично.

Пред известувањето на јавноста за поважни прашања, особено за постапување во случаи на тешки кривични дела, полицијата е должна да го извести надлежниот јавен обвинител. Ако јавниот обвинител оцени дека информациите во целост или делумно не можат да се дадат во јавноста, полицијата е должна да постапи во согласност со оцената на јавниот обвинител.

Треба да се обезбеди доследна примена на одредбата од членот 289 од ЗКП, која се однесува на тајноста на сите дејствија кои се преземени во предистражната постапка. Јавниот обвинител и полициските службеници не можат да доставуваат информации за содржината и за начинот на вршење на конкретни активности во рамките на предистражната постапка.

Ваквата ригидност во однос на правилата за јавност и отвореност во работењето на институцијата е особено важна кога се работи за деца жртви, или за сведоци под 16 години, или лица со посебни потреби, како и доколку се работи за информации означени со квалификација на степен на строго доверливо, службена или државна тајна.

Јавното обвинителство и правосудната полиција соработуваат во врска со начините на спроведување на извидите за кривично дело, за спроведување на истражни дејствија, посебни истражни мерки во текот на истрагата и кривичната постапка, при што полицијата задолжително го известува јавниот обвинител за постоење на основи на сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони  по службена должност или за почетокот на криминалистичка истрага.

Јавниот обвинител е тој што ќе одлучи кога и во која фаза е потребно споделување на информациите за одреден кривичноправен настан, меѓутоа постои задолжителност за информирање за одреден вид сторени кривични дела, особено за оние кривични дела кои по својата природа предизвикуваат зголемен интерес на јавноста. Треба да се внимава и на правилата на внатрешната поставеност на Јавното обвинителство – принципот на хиерархија и субординација, така што и начинот на проследување на информациите од кои подоцна ќе се црпат основните податоци за информирање на јавноста го следи тој пат.

На тој начин се остварува добра внатрешна комуникација во рамките на самата институција, а со тоа и можност за навремено реагирање од страна на Јавниот обвинител во ситуации кога смета дека одредени податоци или коментари објавени во медиумите ги кршат уставните права на пресумпција на невиност, принципот на самостојност на Јавното обвинителство или работењето на Јавното обвинителство, реагирајќи во јавноста како резултат на должноста да укаже дека се повредени овие принципи.

Ваквата обврска на јавниот обвинител постои особено во ситуации кога е известен за настан кој може да предизвика зголемен интерес во јавноста поради својот карактер, тежината или спецификата, па е потребно брзо постапување, односно дејствување со цел иницијално да се обезбедат што е можно повеќе информации и докази, а при тоа да се задоволи и интересот на јавноста, со целосно почитување на сите меѓународни и домашни стандарди кои се однесуваат на правото на слободен пристап до информации и на правото на слободно изразување.

Ова е особено тешко кога заради утврдување и разјаснување на некаков важен факт во постапката е потребно непосредно забележување, односно кога се користи увидот како доказно средство.

## УЛОГАТА НА ЈО, НА МВР И НА НОВИНАРИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УВИД

Вршењето на увидот е комплексен процес на идентификација, лоцирање, обележување и обезбедување на материјални докази, при што мора да се внимава на амбиенталните и климатски услови со цел нивно соодветно преземање и зачувување. Секој чекор се документира, се фотографира, се забележува.

Во одредени случаи изведувањето на истражните дејствија може да се снима, во согласност со членот 94 од ЗКП, со уреди за визуелно-тонско снимање кога е пропишано со овој закон. Може да се обезбедат информации од лица, граѓани и други лица кои можат да бидат сведоци во текот на постапката.

Спецификата на увидот како доказно средство е тоа што често се врши на јавно место, на отворени површини достапни за очите на многу луѓе кои случајно или намерно, од љубопитност, се нашле или се задржале на тоа место. Не ретко се случува веднаш по сознавањето за настанот, на местото на настанот паралелно со полициските службеници да пристигнат и новинарски екипи.

Ова бара дополнително ангажирање на полициските службеници, кои треба во исто време да ги обезбедат и да ги сочуваат сите можни докази, во соодветен периметар, а притоа да го оневозможат контаминирањето на местото од присуство на други лица, сѐ до отпочнување на спроведувањето на предистражните дејствија, било да е тоа под раководство на јавниот обвинител или по негово овластување, на полицијата. Јавниот обвинител го презема увидот во случај на основи на сомнение дека се извршени кривични дела кај кои настапила смртна последица или е извесно дека таква последица може да настапи.

Увидот се презема и кога има настапување на имотна штета од големи размери, уништување на објекти од поголемо значење за стопанството или за редовниот живот на граѓаните, кога е предизвикана експлозија, пожар, поплава или е преземено друго општоопасно дејствие со тешки последици, при случаи на тешки сообраќајни, авионски или железнички незгоди, каде што има човечки жртви или поголем број на тешко повредени лица.

За јавниот обвинител постои обврска да излезе на местото на настанот при случени сообраќајни незгоди со потешки последици во кои учествува возило на дипломатско или конзуларно претставништво, полициско возило, возило на армијата, при случаи на тешки форми на кривични дела во кои учествува службено лице, државни претставници, странски дипломатски или конзуларни претставници или медиумски позната личност, но и во сите други случаи во кои јавниот обвинител ќе процени дека е неопходно неговото присуство при увид.

Додека се врши увидот, новинарот може да добие кратки, општи информации за настанот и не треба да бара дополнителни информации од полициските службеници или од јавниот обвинител кој е на местото на настанот, туку од соодветната служба задолжена за информирање.

Откако јавниот обвинител ќе заврши со спроведување на ова доказно средство и откако ќе проследи информација до Службата за односи со јавност, по претходно почитување на сите интерни правила за проследување на известување, медиумите ќе можат да добијат доволно информации кои можат да бидат презентирани со цел да се спречи штетен публицитет уште пред започнување на судската постапка.

Многу често се случува на местото каде што постојат основи на сомневање дека е сторено кривично дело да пристигнат новинари и да започнат со снимање на просторот, објектот, па дури и на лицата кои во тој временски период се нашле таму. Ваквите снимки можат да се користат како доказ во текот на постапката, доколку се оцени дека е тоа потребно, заради нивната оригиналност и специфичност во однос на содржаните податоци, само доколку претходно се обезбедени во законски утврдена форма и постапка.

Во обезбедувањето на доказите можат многу да придонесат и информациите до кои ќе дојдат новинарите по нивното пристигнување на местото на настанот бидејќи граѓаните се чувствуваат послободни во давањето свои изјави пред камера отколку да даваат појаснувања пред полициски службеник или пред јавен обвинител.

Процесот на проверки на одредени сознанија, информации за одреден кривичноправен настан, како и обезбедување на материјални докази ја наметнува потребата од лоцирање и привремено обезбедување на предмети што можат да послужат како доказ во постапката. Тоа може да се направи со наредба за привремено одземање на предмети, која ја издава судот по предлог на правосудната полиција или Јавното обвинителство.

Одредени ситуации налагаат и привремено одземање на предмети без наредба на судот, доколку постои опасност од одлагање и за кои постојат основи на сомнение дека се предмет на кривично дело.

За новинарот постои обврска  да го извести полицискиот службеник или јавниот обвинител кои ќе пристигнат на местото на настанот за поседувањето на вакви снимки, а по процена на јавниот обвинител и по наредба издадена на негово барање, тие да се обезбедат и да се користат во текот на постапката.

Сепак, со судска наредба не можат да се одземат записи за факти што ги направиле новинари и нивни уредници во средства за јавно информирање од изворот за известување и податоци за кои дознале во вршење на своето занимање и кои се употребени во текот на уредувањето на средствата за јавно информирање, кои се наоѓаат во нивно владение или во редакција во која се вработени[16].

Лицето кое ги има обезбедено овие снимки може да се користи и како сведок во текот на постапката, доколку има оправдани причини за тоа. Ваквата можност произлегува од  членот 212 и од членот 285 од ЗКП, според чии одредби јавниот обвинител може да повикува лица чии сознанија можат да придонесат за разјаснување на спорни факти, односно како сведоци да  повикува лица за кои е веројатно дека ќе можат да дадат известувања за кривичното дело, сторителот и за други важни околности.

Ова е особено важно ако станува збор за снимање и информирање за настани каде што има големо присуство на луѓе: спортски натпревари, протести, јавни собири, во текот на кои ескалираат насилните реакции и се манифестираат преку физички напади, можни употреби на опасни орудија или огнени оружја и слично, па  ваквите снимки да послужат за осознавање на настанот, а потоа и за насочување на потребните проверки и идентификација на можните сторители. Ваквата обврска честопати е во директен судир со желбата и обврската кај новинарите брзо да дојдат до информација и да ја проследат до јавноста.

---

[16] Закон за кривичната постапка

# III – ДЕЛ

АВТОРИ:
ИВАН БРЕШКОВСКИ, АДВОКАТ
ТОНИ АНГЕЛОВСКИ, МВР

# КАКО ДА ПОСТАПАТ НОВИНАРИТЕ, ФОТОРЕПОРТЕРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ

## Како да постапат новинарите кога се нападнати на јавен собир:

Доколку биде нападнат на јавен собир или на друг настан, новинарот веднаш или во најбрзо време мора да го пријави случајот во полициска станица и да ги презентира сите детали и докази кои би помогнале во идентификација на сторителот. Со ова полицијата ќе оформи предмет и ќе продолжи да постапува. Новинарите мораат да го пријават секој случај во полиција бидејќи полицијата постапува по поднесена пријава.

Новинарот во најбрз можен рок препорачливо е да го пријави случајот во еснафските новинарски здруженија сè со цел јавна реакција, осуда и следење на постапката и, доколку е потребно, давање правна помош.

## Како да постапат новинарите кога се нападнати во интернет-просторот:

Доколку се соочува со закани или со друг говор на омраза во интернет-просторот, на социјалните мрежи и слично, новинарот може да пријави на е-адресата cybercrime@moi.gov.mk, но потоа е должен да поднесе и пријава во МВР, каде што ќе биде составен и записник за примање на пријава. Потоа МВР го известува надлежното јавно обвинителство, кое пак е надлежно за давање на конкретни насоки за постапување во согласност со Кривичниот законик. Во зависност од тоа за кое кривично дело се работи, а особено за кривични дела поврзани за социјалните мрежи, по претходно обезбедено официјално барање од надлежното ЈО, МВР го испраќа до социјалните мрежи за собирање на податоци. Потоа се врши анализа, утврдување на корисникот на ИП-адресата и слично, со цел доаѓање до податоци за утврдување на сторителот на кривичното дело и поднесување соодветен акт против него.

При пријавување на кривично дело од областа на компјутерскиот криминал многу е битно да се знае точниот УРЛ-линк, да се направи принтскрин од спорната страница, фотографии кои се објавени, како и секој друг документ кој може да помогне за истрагата.

# АКТИВНИ МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ, ФОТОРЕПОРТЕРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ПРИ ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД НАСТАНИ СО ВИСОК РИЗИК

## А) ПРЕПОРАКИ за новинарите за да бидат безбедни:

- Редакциите да обезбедат соодветна заштитна опрема за новинарите и фоторепортерите во услови кога тие известуваат од настани со висок ризик. Оваа опрема подразбира заштитен елек, шлем или капа од цврст материјал, а по потреба и маска за заштита од хемиски средства кои се користат за разбивање на толпи;
- Уредниците да не ги праќаат младите и неискусни новинари да известуваат од настани со висок ризик, особено не без придружба од искусни колеги, а освен тоа должни се пред да ги пратат новинарите на терен да ги информираат за околностите со кои ќе се соочат. Новинарите секогаш внимателно треба да го пресметаат ризикот и да ги следат одлуките на нивните поискусни колеги;
- Новинарите со себе да носат соодветна легитимација и ознака и таа да биде поставена на видно место, каде што јасно ќе се гледа дека станува збор за новинар или за фоторепортер;
- Новинарите треба да ги почитуваат специфичните препораки на полицијата, но доколку се наметне несоодветна забрана за известување, тогаш потребно е новинарите да реагираат заеднички кај овластеното службено лице;
- Известувањето во случаи на прекршување на јавниот ред и мир од страна на одредени толпи или групи треба да се прави на начин да не се провоцираат групите и да се известува од безбедна дистанца;
- Во случај кога полицијата разбива толпа, новинарите не треба да трчаат пред полицијата, во спротивно полицијата ќе смета дека тие се дел од толпата. Потребно е новинарите нормално да се движат зад полицијата која го обезбедува просторот во услови кога разбива толпа и да не ја попречуваат работата на полицијата;

» Потребно е новинарите добро да го познаваат просторот на кој се одвива јавен протест и во случај тој да прерасне во насилен, доколку е нужно, да се дистанцираат;

» Во случаи кога има два или повеќе протести на ист простор, многу е важно новинарите да не се најдат помеѓу две спротивставени толпи, туку да се движат по страна, паралелно со лицата кои се дел од протестот;

» Новинарите професионално да ја вршат својата работа, во согласност со Кодексот на новинарите, и да не користат говор на омраза и друг дискриминаторски говор.

## Б) ПРЕПОРАКИ за новинарите во случај на напад или закана:

» Новинарот, фоторепортерот или медиумскиот работник е должен да пријави во МВР напад или закана упатени кон него, кон негови блиски членови на семејството или кон други колеги новинари, без разлика дали се случил инцидентот во момент кога новинарот бил на работна задача (терен), или пак нападот или заканата се случиле надвор од работното време и работното место;

» Во ситуации кога нападот кон новинар, фоторепортер или медиумски работник е од страна на службено лице, припадник на МВР, постапката е иста како и во сите други случаи. Се пријавува случајот, при што автоматски се вклучува Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР;

» Во случаи кога се нанесени телесни повреди, потребно е да се побара лекарска помош, а потоа да се побара лекарски извештај во кој ќе бидат наведени повредите. Ова е важно бидејќи подоцна извештајот може да се употреби како доказен материјал во постапки за заштита на правата на оштетениот пред надлежните судови;

» Новинарите, фоторепортерите и медиумските работници потребно е да се обратат до еснафските организации со цел добивање на правна помош и заради потребата инцидентот да се регистрира, да се актуализира во јавноста и да се следи постапувањето од страна на надлежните институции;

» Во случај новинарот да биде лишен од слобода од страна на службено лице, потребно е да остане смирен, да истакне дека известува службено и дека е на работна задача и дека е новинар, фоторепортер или друг вид медиумски работник. Дополнително, веднаш да покаже прес-картичка и документ за идентификација.

» За новинарот, како и за сите други граѓани, важат законите и тие треба да се почитуваат и доколку службено лице побара од новинар да се легитимира, според законот тој е должен да го стори тоа, а носењето лична карта е задолжително според законот.

» Новинарите имаат законска можност доколку сметаат дека полициски службеник ги пречекорил своите овластувања и постапил спротивно на законот, да се обратат до Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР, но и до Народниот правобранител, кој има законска надлежност да изврши проверка на работењето на полицијата.

### В) ПРЕПОРАКИ за припадниците на МВР

» Полицијата треба да има едукативен пристап, да соработува со новинарите и со репортерите на настани со висок ризик и да им посочи како да се заштитат, да ги заштити и да обезбеди услови за непречено известување.

» Потребна е континуирана работа на едукација на полициските службеници како да обезбедуваат професионално простор од кој новинарите безбедно ќе известуваат, особено во услови кога станува збор за настани со висок ризик.

### Г) ПРЕПОРАКИ за ЈО

» Јавното обвинителство да постапува во согласност со законските надлежности и со Кодексот на јавнообвинителска етика, да им овозможи на новинарите да ја исполнат својата должност – информирање на јавноста при известување од настан со кој раководи надлежен обвинител.

- Јавното обвинителство да ја зголеми својата транспарентност како институција и да им овозможи на новинарите пристап до информации важни за јавноста со организирање неделни брифинзи и слично.
- Заеднички активности за подигање на професионалноста на сите професии (новинари и полициски службеници, обвинители), како и подигање на свеста на јавноста за важноста на истите.
- Најважно е да постои отворена комуникација помеѓу новинарите, полицијата и обвинителството, без страв и во атмосфера на соработка.

## НАСКОРО БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НАПАДИ ВРЗ НОВИНАРИ

Во насока на подобрување на безбедноста на новинарите, Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Самостојниот синдикат на новинари медиумски работници (ССНМ), воспоставува телефонска линија со цел поддршка на новинарите и медиумските работници во случаи на уцени, закани, вербални или физички напади, онлајн напади, родово базирано насилство, уништување на личен и професионален имот и напади на редакции и домови на новинари.

Обучениот оператор на телефонската линија ќе ги советува новинарите и медиумските работници во однос на тоа како да се однесуваат во специфични ситуации и ќе ги информира за соодветните механизми за поднесување поплаки. Во исто време, тој ќе чува записник за случаите што треба да се процесираат од соодветните институции и ќе приготвува соодветен извештај за секој случај. Извештаите ќе бидат поднесувани до Мисијата на ОБСЕ во Скопје и до Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите.

Особено внимание ќе се посветува на нападите врз жените новинари, пред сè во однос на онлајн заканите и уцените.

Бесплатната телефонска линија се очекува да биде започне со функционирање до крајот на 2018 година.

# I V – ДЕЛ

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

# ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ, ФОТОРЕПОРТЕРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

- Платформа за промоција на заштитата на новинарството и безбедноста на новинарите (Совет на Европа)
  https://www.coe.int/en/web/media-freedom
- Прирачник на Меѓународната федерација на новинари (МФЈ)
  http://ifj-safety.org/assets/docs/130/107/d325b82-b1d816b.pdf
- Прирачник за безбедност на новинари (ОБСЕ)
  https://www.osce.org/fom/118052
- Упатство за безбедно фоторепортерство и етика (ЗНМ)
  znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Упатство-за-безбедно-фото-репортерство-и-етика-2016.pdf
- Прирачник за безбедност на новинарите (УНЕСКО и РБГ)
  https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/guide_journaliste_rsf_2015_en.pdf
- Прирачник за новинари за време на избори (РБГ и Меѓународната организација за франкофонијата)
  https://issuu.com/rsf_webmaster/docs/guide_oif_anglais___web
- Прирачник за безбедност на новинарите (Јавен сервис на Велика Британија)
  http://downloads.bbc.co.uk/mundo/pdf/safety-journalism_safety_guide_second_edition-v1.pdf
- Прирачник за безбедност на новинарите (Комитет за заштита на новинарите)
  https://cpj.org/security/guide.pdf
- Прирачник на британската организација за човекови права „Член 19“
  https://www.article19.org/wp-content/uploads/2017/09/Safety-of-Journalists-guide.pdf

# КРАТЕНКИ

ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права
ЕСЧП – Европски суд за човекови права во Стразбур
ЕФН – Европска федерација на новинари
ЗНМ – Здружение на новинарите
КЗН – Комитет за заштита на новинарите
МВР – Министерството за внатрешни работи
МФН – Меѓународна организација на новинари
ОБСЕ – Организацијата за безбедност и соработка во Европа
ЈО – Јавно обвинителство
РБГ – Репортери без граници
СЕ – Совет на Европа
СЕЕМО – Југоисточна европска медиумска организација
ЗКП – Закон за кривичната постапка